# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА

# II КВАРТАЛ, 2014 ГОДИНА

Јули 2014 година

## *Царинска регулатива*

Во април 2014 година донесена е **Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија** („Сл.весник на РМ“ бр. 65/14). Со Уредбата се усвоени 19 нови регулативи на ЕУ кои се донесени во период од 01.07.2013 до 31.12.2013 година. Регулативите се однесуваат на распоредување на разновидни готови текстилни производи, прехранбени производи, ЛЕД светлосни траки, електронски контролни уреди, заварени челични цевки и др. Со донесување на истата се обезбедува еднообразна примена на Комбинираната номенклатура.

Во јуни 2014 година донесен е **Правилник за изменување на правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација** („Сл.весник на РМ“ бр. 98/14). Со овие измени постојната шифра за ослободување од плаќање на увозни давачки C58 ќе користи не само во случај на ослободување од плаќање на увозни давачки по основ на странски донации кои ги добиваат државните органи, општините и градот Скопје и јавно правните субјекти, туку ќе се користи и во случај на ослободување од плаќање на увозни давачки за стока наменета за реализација на проектите кои се финансирани во рамки на инструментот за претпристапна помош (ИПА), вклучувајќи го и делот на средствата од националното кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Македонија или задолжување.

Во јуни 2014 година беше донесен **Правилник за начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акцизи при увоз на добра - стоки наменети за реализација на проект кој се финансира со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Македонија и странски донатори,** во кој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи, како и формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето како и потребната документација („Сл.весник на РМ“ бр. 98/14). Согласно одредбите на овој Правилник кои се применуваат од 1 јуни 2014 година, при увоз на добра – стоки, за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 198 став (1) точка 2) и 3) од Царинскиот закон, ослободување од плаќање на данок на додадена вредност согласно член 27-б став (1) точка 42 од Законот за донокот на додадена вредност и акцизно ослободување на минерални масла и на патнички автомобили при увоз согласно член 32 став (3), став (4) и член 51-а став (1) и став (2) од Законот за акцизите, субјектот задолжен за реализација на проектот - имплементатор, на царинскиот орган треба да му достави оргинална потврда издадена од Министерството за финансии со која се докажува дека предметната стока има право на ослободување од плаќање на давачки.

Во јуни 2014 година донесен е **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи** („Сл.весник на РМ“ бр. 98/14). Со овој Правилник извршени се измени и дополнувања на повеќе членови во Правилникот за спроведување на законот за акцизи, а кои се однесуваат на:

- уништување на контролни марки кои не се подигнати од страна на имателите на акцизна дозвола и увозниците во роковите предвидени во законот за акцизи за алкохолни пијалоци и за тутунските производи;
- задолжително доставување информации за спроведен попис на залихи на тутунски добра при зголемувањето на износите за акциза за тутунските преработки на 1 јули секоја година. Обврските за постапување се пропишани на имателите на акцизни дозволи и на увозниците на тутунски добра;
- одредба за признавање на кало и растур од 0,3% од превземените контролни марки;
- бришење на одредби од Правилникот кои се однесуваа на ослободување од акциза на минерални масла при увоз, кога се наменети за реализација на проект финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Македонија и странски донатори, како и ослободување од акциза на минерални масла при увоз кога се наменети за реализација на проектите кои се финансирани во рамки на инструментот за претпристапна помош (ИПА);
- бришење на одредбите за ослободување од акциза при увоз на патнички возила за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори и
- извршна замена на образците "АД", "АК-01", "АК-02", "АКЦ-ММ", "АКЦ-ААП", "АКЦ-ПА", "АК-ТНГ", "П-МЕА", "Б-МЕА", "П-ТД","Б-ТД и „А-ПА" и бришење на образецот „А1-ММ".

Во јуни 2014 година, беа објавени и **листите на земјоделски производи за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година во рамки на квоти со потекло од Европските заедници, Турција, Молдавија, Украина, Норвешка и Швајцарија** („Сл.весник на РМ" бр. 98/14). Овие листи се објавуваат два пати годишно и се согласно одредбите за увоз во рамки на квоти од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) и Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со Турција, Украина и ЕФТА државите, како и Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација.

Директорот на Царинската управа и Министерот за внатрешни работи донесоа **Решение за определување на привремен граничен премин** („Сл.весник на РМ" бр. 99/14). Со ова Решение се определи привремен граничен премин „Свети Наум" со цел спроведување на активности што произлегуваат од ратификуваната Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија, со место на лоцирање на пристаништето Свети Наум-Општина Охрид на територијата на Република Македонија. Привремениот граничен премин е утврдено да работи од 15.6.2014 година до 15.9.2014 година со работно време од 9 до 19 часот. Лицата кои имаат намера да ја преминат државната граница преку овој граничен премин со себе може да носат предмети наменети исклучиво за лична употреба. Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стоки преку државната граница кои подлежат на плаќање царина, данок или други давачки. Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши од страна на лица кои се наоѓаат на списокот за членовите на екипажот и патниците кои се наоѓаат на пловниот објект за крстосување.

# *Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ*

## *Пристапување кон интегрираната тарифна околина на ЕУ (ITE[1])*

ITE во Република Македонија се реализира преку 2 подпроекти:
-Имплементација на ITE и
-Поддршка во управувањето со имплементација на ITE.
Во почетокот на јуни 2014 година, завршија активностите на главното тестирање (Site Acceptance Testing) на системот. Предмет на тестирање беше корисничкото поврзување со ITE системот, функционалностите на системот договорени во деталните функционални спецификации, поврзувањето на ITE системот со СОЦДАД, EXIM и АСИКУДА, поврзаноста на калкулаторот, корисничките профили и перформанси. Работната група за управување со квалитет подготви детален извештај од извршеното тестирање во кој прецизно ги категоризира утврдените неправилности и го испрати на изведувачот, при што изведувачот мора да изврши нова испорака за тестирање со отстранети неправилности.
Во текот на јуни 2014 година заврши дел од обуката за царински службеници која се однесуваше за надворешниот домен на ITE системот, организирана од изведувачот.

[1] Integrated Tarif Environment

## *Основи*

На крајот на вториот квартал 2014 година во Царинската управа се вработени 1.139 лица. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.015 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 12 лица се со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и 110 лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 22 вработени се магистри, 625 се со високо образование, 20 се со вишо образование, 445 се со средно образование и 27 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 56,8% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организациона единица | | 2013 | | | | | 2014 | | | |
| | | 31.03. | 30.04. | 31.05. | 30.06. | 31.12. | 31.03. | 30.04. | 31.05. | 30.06. |
| 1 | Кабинет на генерален директор | 7 | 7 | 7 | 7 | 12 | 10 | 10 | 11 | 11 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка и | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| 6 | Одделение дежурен царински центар | / | / | / | / | / | / | 15 | 15 | 16 |
| 7 | Сектор за управување со човечки ресурси | 18 | 18 | 18 | 18 | 17 | 20 | 19 | 19 | 18 |
| 8 | Сектор за административни и технички | 187 | 182 | 183 | 183 | 177 | 177 | 177 | 176 | 177 |
| 9 | Сектор за ІКТ | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 |
| 10 | Сектор за сметководство и финансии | 41 | 41 | 41 | 39 | 39 | 40 | 40 | 40 | 40 |
| 11 | Сектор за професионална одговорност | 15 | 15 | 15 | 15 | 17 | 19 | 19 | 19 | 17 |
| 12 | Сектор за Царински систем | 41 | 41 | 41 | 41 | 41 | 40 | 40 | 39 | 36 |
| 13 | Сектор за контрола и истраги | 102 | 101 | 101 | 101 | 115 | 116 | 92 | 91 | 92 |
| 14 | Регионална Царинарница Скопје | 235 | 235 | 234 | 235 | 233 | 226 | 230 | 230 | 229 |
| 15 | Регионална Царинарница Битола | 119 | 117 | 116 | 117 | 111 | 116 | 116 | 118 | 118 |
| 16 | Регионална Царинарница Гевгелија | 135 | 135 | 135 | 136 | 129 | 134 | 133 | 134 | 135 |
| 17 | Регионална Царинарница Куманово | 131 | 128 | 128 | 128 | 126 | 125 | 128 | 128 | 126 |
| 18 | Регионална Царинарница Штип | 56 | 56 | 54 | 54 | 53 | 55 | 55 | 54 | 54 |
| | **Вкупно** | **1,159** | **1,148** | **1,145** | **1,146** | **1,141** | **1,147** | **1,143** | **1,143** | **1,139** |

## *Вработување*

Во текот на вториот квартал 2014 година во Царинската управа распишани се 5 интерни огласи за пополнување на 5 раководни работни места, а во еден случај постапката е продолжена по престанок на законските пречки и мислењето од Државната комисија за спречување на корупција, за едно раководно работно место за кое има една пријава.

На интерните огласи пријавени се вкупно 2 кандидати. Постапката за избор на кандидатите е во тек.

## *Обуки и стручно оспособување*

### *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во вториот квартал 2014 година, беа спроведени 107 активности за стручно оспособување на царинските службеници, реализирани со вкупно 1.098 учесници[2]. Во просек секој учесник има следено обука во траење од **9,5** часа (9 часа и 30 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просечно времетраеење од **2,8** часа (2 часа и 48 минути).

Позначајни обуки одржани во вториот квартал 2014 година се:
- **Царинска тарифа и начин на земање и постапување со мостри** - со цел унапредување на вештините и знаењата за правилно распоредување на стоката и запознавање со постапката за земање на мостри (со примери на стоки во царинската тарифа во две или повеќе тарифни ознаки);
- **Обуки за НКТС (нов компјутеризиран транзитен систем)** – со цел запознавање на учесниците со функционалностите и начинот на работа со НКТС. Оваа обука се одржа за сите царински службеници распоредени во царинарниците;
- **Работилница за ревизија на регионалната Конвенција на ПЕМ правилата за потекло во рамките на Проектот TAIEX одржана во Истанбул, Турција.** Целта на работилницата беше разгледување на отворени прашања во врска со ревидираните правила за потекло за секоја земја потписничка на Регионалната конвенција да се запознае со истите и да заземе одреден став по овие прашања;
- **Курс за попречување нелегални активности со комерцијални моторни возила во организација на EXBS Програма при Амбасадата на САД.** Целта на обуката беше стекнување со вештини, знаење и способност неопходни за препознавање на индикатори кои укажуваат на евентуално криумчарење на возила, ефикасно вршење на преглед, откривање на скриени бункери, водење на интервју, задржување и/или апсење на осомничените лица, подготовка на извештај. Обуките се одржаа во Струмица и во Скопје и содржеа практичен дел награничните премини;
- **Работилница за Пост-царинска ревизија и контрола во организација на СЦО - Светска царинска организација** во соработка со **IFC Western Trade Logistics Project.** Целта на оваа работилница беше запознавање со концептот на пост-царинска контрола и ревизија, потребна законска и организациска рамка за спроведување на истите, потреба од стратегиско планирање на спроведување на истите, соработка со другите организациони единици во рамките на царинските служби како и со други државни агенции, процесот на анализа на ризик и фазите при спроведување на пост-царински ревизии и контроли**;**
- **Обука за Предистражна постапка** во соработка со **Царинската администрација на Франција** – чија цел беше запознавање на учесниците со начинот на обезбедување на присуство на лице и докази, мерки за пронаоѓање на луѓе и објекти кои ќе се користат како доказ во постапката, предистражна постапка, начин на спроведување на посебни истражни мерки**.**

[2] Од 1127 вработени 651 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки

## *Интегритет*

Во јуни 2014 година беа спроведени **9** внатрешни истраги/контроли врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконско и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Во периодот април-јуни 2014 година беа спроведени **37** внатрешни истраги, додека пак во истиот период 2013 година се спроведени вкупно **28** внатрешни истраги.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Централна управа | 13 | 2 | 4 | 4 | 10 | 23 | 9 | | 2 | 1 | 3 | 12 |
| Царинарница Скопје | 9 | 1 | 1 | 2 | 4 | 13 | 16 | 2 | 5 | 2 | 9 | 25 |
| Царинарница Куманово | 3 | 2 | | 1 | 3 | 6 | 8 | 4 | 3 | | 7 | 15 |
| Царинарница Штип | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | 5 | 2 | 3 | 1 | | 4 | 6 |
| Царинарница Гевгелија | 1 | 3 | 2 | 1 | 6 | 7 | 3 | | 5 | 4 | 9 | 12 |
| Царинарница Битола | 1 | 2 | | | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 2 | 5 | 8 |
| **Вкупно** | **29** | **11** | **8** | **9** | **28** | **57** | **41** | **11** | **17** | **9** | **37** | **78** |

Во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа во јуни 2014 година се извршени **9** внатрешни инспекции, споредбено со јуни 2013 година кога се извршени исто така **9** внатрешни инспекции. Вкупно во периодот април-јуни 2014 година се спроведени **27** внатрешни инспекции за разлика од истиот период лани кога се извршени **24**.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Централна управа | 5 | 2 | 4 | 4 | 14 | 19 | 2 | 2 | 2 | 1 | 5 | 7 |
| Царинарница Скопје | 10 | 1 | 2 | 2 | 4 | 14 | 10 | 5 | 4 | 5 | 14 | 24 |
| Царинарница Куманово | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 3 | 3 |
| Царинарница Штип | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Царинарница Гевгелија | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 4 | 0 | 2 | 1 | 3 | 7 |
| Царинарница Битола | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 4 | 1 | 1 | 0 | 2 | 6 |
| **Вкупно** | **15** | **5** | **10** | **9** | **24** | **39** | **23** | **9** | **9** | **9** | **27** | **50** |

Во јуни 2014 година, преку отворената царинска телефонска линија (197) беа примени **7** поплаки**.** Од вкупно поднесените поплаки, во 2 случаи се изготвени извештаи за извршена внатрешна истрага. Во врска со останатите поплаки, во тек е утврдување на фактичката состојба и изготвување на извештаите. Во поплаките странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во јуни 2014 година, беа евидентирани: **3** царински службеници кои доставиле анкетен лист и **еден** царински службеник кој доставил изјава за судир на интереси. Од аспект на промена на имотната состојба доставени се **7** изјави. Споредбено со јуни 2013 година, беа евидентирани: **3** царински службеници кои доставиле анкетен лист и **еден** царински службеник кој доставил изјава за судир на интереси, додека од аспект на промена на имотната состојба доставени се **8** изјави.

Кумулативно во периодот април - јуни 2014 година од страна на царинските службеници беа поднесени **22** анкетни листови, **19** изјави за промена на имотната состојба и **10** изјави за судир на интереси. Во истиот период минатата година се поднесени **16** анкетни листови, **14** изјави за промена на имотната состојба и **12** изјави за судир на интереси.

Во вториот квартал 2014 година беа донесени следните интерни акти:

- **Упатство за работа на Секторот за професионална одговорност**. Со ова Упатство се уредува начинот на постапување при откривање и утврдување на појави на незаконско постапување на царинските службеници, начинот на вршење на инспекцијата/контрола на почитување на прописите од другите организациони единици, соработката со организационите единици во Царинската управа и државните институции, евиденцијата, се воведува континуирано следење на извештаите од другите организациони единици, се воведува континуиран надзор на времетраењето на царинските постапки, начинот на следење на форми на евентуален судир на интереси и коруптивни појави.
- **Упатство за постапување во случај на постоење на судир на интереси и воспоставување на систем на надзор за спречување на судир на интереси** со кое се уредува начинот на постапување во случај на постоење на судир на интереси на службените лица, вработени во Царинската управа на Република Македонија, а при вршењето на нивните службени должности и воспоставување на систем за надзор за спречување на судир на интереси. Цел на ова упатство е превенција во ситуации кога е можен судир на интерес од страна на вработените, спречување на неговото настапување и надзор на состојбите од страна на Секторот за професионална одговорност, кои придонесуваат да настане судир на интереси.
- **Упатство за воспоставување на статистика на претставки, поплаки, предлози и граѓански дневник** со кое се уредува начинот на воспоставување на единствена статистичка евиденција на претставките, поплаките, предлозите и формуларите од Граѓанскиот дневник поднесени до Царинската управа, а по кои постапуваат надлежни организациони единици или овластени лица во Царинската управа. Оваа евиденција ќе овозможи вршење анализа на податоците по разни основи од кои ќе произлезат соодветни препораки и предлози за превземање мерки за подобрување на состојбите во одредени области.

Во вториот квартал 2014 година се донесени **15 решенија** со кои се **изречени дисциплински и други мерки**. Имено, донесени се **8 решенија за откажување на договор за вработување**, **3 решенија за изречена парична казна, едно решение за изречена писмена опомена.**

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во овој период изречени се **2 решенија за отстранување од работното** место поради покренување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.
Во овој период изречено е **едно решение за намалување на платата за 15% од еден месец**.

| ДОНЕСЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ И ДРУГИ МЕРКИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Видови на мерки** | **2013** | | | | | | **2014** | | | | | |
| | **Q1** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Q2** | **Вкупно** | **Q1** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Q2** | **Вкупно** |
| Опомени | 0 | 2 | 1 | 2 | 5 | 27 | 102 | 0 | 1 | 0 | 1 | **103** |
| Намалување на платата | 16 | 5 | 4 | 2 | 27 | 60 | 7 | 1 | 0 | 0 | 1 | **8** |
| Парична казна | 4 | 0 | 2 | 2 | 8 | 30 | 62 | 2 | 1 | 0 | 3 | **65** |
| Раскинување на работен однос | 7 | 1 | 4 | 1 | 13 | 15 | 1 | 3 | 2 | 3 | 8 | **9** |
| Кривична пријава-вработени | | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Отстранување од работно место | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 7 | 0 | 0 | 2 | 2 | **9** |
| **Вкупно** | **28** | **8** | **11** | **8** | **55** | **135** | **179** | **6** | **4** | **5** | **15** | **194** |

## *Внатрешна ревизија*

Во периодот април - јуни 2014 година, извршени се вкупно 6 ревизии. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 20 наоди и дадена е вкупно 21 препорака за подобрување на работењето во Царинската управа.
Во текот на мај 2014, изготвен е Извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2013 година, кој е доставен до Министерството за финансии – Централна единица за хармонизација, како прилог на Годишниот финансиски извештај на Царинската управа на Република Македонија.

## *Наградување и унапредување*

Во вториот квартал 2014 година во Царинската управа извршени се вкупно 20 унапредувања.
Во Централна управа се унапредени 4 царински службеници: еден царински службеник на работно место шеф на служба и 3 царински службеници на работно место началник.
Во овој период, во царинаринците се унапредени 16 царински службеници: 5 царински службеници на работно место виш цариник контролор, 3 царински службеници на работно место шеф на царинска испостава, еден царински службеник на работно место самостоен советник, 6 царински службеници на работно место виш цариник водач на смена и еден царински службеник на работно место шеф на служба за надзор на иматели на одобренија.

## *Основи*

Во текот на вториот квартал 2014 година активностите на **Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи (КУЖЦА),** беа насочени кон следењето на степенот на реализација на главните ИТ проекти кои се реализираат во Царинската управа.
Во текот на вториот квартал 2014 година направени се повеќе состаноци со функционалните проект менаџери на кои тема беше подобрување и зголемување на ефикасноста на функционирање на апликациите и изнаоѓање на решенија за зголемување на користење на истите. На крајот на секој месец се изработува извештај за функционирање на апликациите. Како индикатори наведени се бројот на корисници, пристапи и предмети во тековниот месец. Вообичаено за оваа активност, како и претходните месеци направена е споредба на наведените индикатори по неколку основи, споредба со претходниот месец, споредба со претходната година и споредба со истиот месец претходната година.

## *Административни постапки*

Во текот на вториот квартал 2014 година беа остварени 83.535 пристапи и креирани 23.110 предмети и притоа беа регистрирани 1.128 корисници. Додека пак, во вториот квартал 2013 година беа остварени 68.406 пристапи од 1.144 корисници.

**КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС)**

| Опис | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Корисници | 1,150 | 1,146 | 1,144 | 1,144 | 1,144 | 1,139 | 1,141 | 1,141 | 1,137 | 1,128 | 1,128 | 1,141 |
| Пристапи | 74,851 | 24,567 | 21,884 | 21,955 | 68,406 | 281,585 | 70,748 | 27,316 | 29,092 | 27,127 | 83,535 | 154,283 |
| Отворени предмети | 16,756 | 6,670 | 5,788 | 5,944 | 18,402 | 74,872 | 20,131 | 7,526 | 8,278 | 7,306 | 23,110 | 43,241 |

Во текот на вториот квартал 2014 година најголем број на предмети беа креирани во областа на скратени управни постапки (3.793 од кои беа затворени 2.693), прекршочни и мандатни постапки (239 од кои беа затворени 97) и акцизни постапки (207 од кои беа затворени 34). Во текот на вториот квартал 2013 година најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (10.962 од кои беа затворени 10.555), прекршочни и мандатни постапки (692 од кои беа затворени 352) и акцизни постапки (494 од кои беа затворени 269).

Во текот на вториот квартал 2014 година најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (8.6 илјади), Царинарница Гевгелија (7.1 илјади) и Сектор за царински систем (над 5.6 илјади). Во вториот квартал 2013 година најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (над 12.7 илјади), Царинарница Гевгелија (над 5.6 илјади) и Царинарница Битола (над 4.3 илјади).

## *Безбедност и комуникација*

Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија. Во системот се вклучени 200 корисници од органите на државната управа, кои во текот на вториот квартал 2014 реализираа 367 повици, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои во текот на вториот квартал 2014 остварија 399 видеоконференциски повици. Во вториот квартал 2013 Органите на државната управа оствариле 482 повици, додека корисниците од Царинската управа оствариле 911 повици.

## *ИКТ поддршка*

Една од клучните задачи за реализација на големите ИТ проекти е нивната меѓусебна поврзаност. Од страна на Секторот за ИКТ, во текот на вториот квартал 2014 година независно од претстојните тестирања се разгледуваше размената на податоци и се тестираа веб сервисите помеѓу системите кои се во развој и постоечките кои се активни во Царинската управа.

**КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ**

| | Назив на апликацијата | 2013 | | | | | | | | | | | | 2014 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Q1 | | Април | | Мај | | Јуни | | Q2 | | Вкупно | | Q1 | | Април | | Мај | | Јуни | | Q2 | | Вкупно |
| | | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,192 | 600,531 | 2,432 | 202,345 | 2,542 | 193,158 | 2,573 | 211,232 | 2,573 | 606,735 | 2753 | 2,488,541 | 2,403 | 630,426 | 2,433 | 216,521 | 2,451 | 212,145 | 2,565 | 211,589 | 2,565 | 640,255 | 1,270,681 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 3,842 | 17,060 | 3,965 | 7,010 | 4,056 | 6,211 | 4,132 | 6,056 | 4,132 | 19,277 | 4563 | 73,921 | 4,750 | 18,393 | 4,819 | 6,761 | 4,893 | 6,679 | 4,959 | 6,346 | 4,959 | 19,786 | 38,179 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 3,842 | 900 | 3,965 | 579 | 4,056 | 221 | 4,132 | 187 | 4,132 | 987 | 4563 | 3,903 | 4,750 | 1,542 | 4,819 | 922 | 4,893 | 463 | 4,959 | 289 | 4,959 | 1,674 | 3,216 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транспортни дозволи | 662 | 14,750 | 664 | 4,259 | 670 | 6,396 | 667 | 8,174 | 667 | 18,829 | 686 | 70,160 | 696 | 11,058 | 697 | 4,563 | 697 | 6,571 | 698 | 8,462 | 698 | 19,596 | 30,654 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,150 | 74,851 | 1,146 | 24,567 | 1,144 | 21,884 | 1,144 | 21,955 | 1,144 | 68,406 | 1139 | 281,585 | 1,141 | 70,748 | 1,141 | 27,316 | 1,137 | 29,092 | 1,128 | 27,127 | 1,128 | 83,535 | 154,283 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 362 | 4,203 | 363 | 1,914 | 368 | 1,712 | 371 | 1,651 | 371 | 5,277 | 395 | 22,839 | 404 | 7,147 | 405 | 2,873 | 407 | 3,062 | 409 | 2,645 | 409 | 8,580 | 15,727 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и материјално работење | 117 | 17,055 | 118 | 45 | 108 | 80 | 106 | 38 | 106 | 16,279 | 126 | 70,637 | 112 | 19,129 | 111 | 6,076 | 111 | 4,957 | 110 | 5,386 | 110 | 16,419 | 35,548 |
| 8 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 22 | 11 | 22 | 4 | 22 | 9 | 22 | 6 | 22 | 19 | 22 | 192 | 22 | 119 | 22 | 3 | 22 | 7 | 22 | 4 | 22 | 14 | 133 |
| 9 | Национална база за царинска вредност | 1,150 | 206 | 1,146 | 65 | 1,144 | 72 | 1,144 | 129 | 1,144 | 266 | 1139 | 987 | 1,141 | 227 | 1,141 | 36 | 1,137 | 66 | 1,128 | 82 | 1,128 | 184 | 411 |
| 10 | Царински форум | 1,150 | 72 | 1,146 | 45 | 1,144 | 18 | 1,144 | 28 | 1,144 | 91 | 1139 | 367 | 1,141 | 88 | 1,141 | 39 | 1,137 | 28 | 1,128 | 39 | 1,128 | 106 | 194 |
| 11 | Разузнавачка база на податоци | 37 | 88 | 37 | 54 | 37 | 64 | 37 | 53 | 37 | 171 | 37 | 610 | 37 | 182 | 37 | 95 | 37 | 59 | 37 | 10 | 37 | 164 | 346 |
| 12 | Разузнавачка база за евидентирање на предмети | 10 | 278 | 10 | 103 | 10 | 75 | 10 | 65 | 10 | 243 | 10 | 992 | 10 | 298 | 10 | 67 | 10 | 90 | 10 | 36 | 10 | 193 | 491 |
| 13 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на | 11 | 1 | 12 | 1 | 12 | 0 | 12 | 1 | 12 | 2 | 12 | 7 | 11 | 2 | 11 | 1 | 11 | 0 | 11 | 0 | 11 | 1 | 3 |
| 14 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 329,027 | 30 | 145,106 | 30 | 126,746 | 30 | 159,007 | 30 | 430,859 | 30 | 1,811,984 | 30 | 419,466 | 30 | 221,225 | 30 | 0 | 30 | 0 | 30 | 221,225 | 640,691 |
| 15 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 8 | 8 | 9 | 8 | 7 | 8 | 24 | 8 | 86 | 8 | 22 | 8 | 11 | 8 | 9 | 8 | 10 | 8 | 30 | 52 |
| 16 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 121 | 11 | 54 | 11 | 73 | 11 | 54 | 11 | 181 | 11 | 607 | 11 | 137 | 11 | 57 | 11 | 61 | 11 | 50 | 11 | 168 | 305 |
| 17 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 20 | 220 | 21 | 98 | 49 | 103 | 51 | 7 | 51 | 184 | 51 | 456 | 54 | 50 | 54 | 28 | 56 | 3 | 56 | 13 | 56 | 44 | 94 |
| 18 | Девизни контролници | 437 | 125 | 439 | 39 | 442 | 72 | 442 | 73 | 442 | 357 | 477 | 828 | 484 | 123 | 488 | 39 | 490 | 51 | 494 | 49 | 494 | 139 | 262 |
| 19 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 203 | 288 | 207 | 105 | 206 | 105 | 207 | 147 | 207 | 357 | 202 | 1,220 | 201 | 297 | 203 | 66 | 206 | 105 | 207 | 66 | 207 | 237 | 534 |
| 20 | Систем за наплата | 696 | 60,802 | 678 | 20,786 | 675 | 21,275 | 674 | 21,321 | 674 | 63,382 | 701 | 250,062 | 682 | 54,860 | 680 | 21,894 | 683 | 21,547 | 681 | 20,902 | 681 | 64,343 | 119,203 |
| 21 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 228 | 3,153 | 241 | 2,217 | 247 | 1,956 | 248 | 2,374 | 248 | 6,547 | 266 | 23,745 | 459 | 13,894 | 462 | 2,581 | 464 | 2,634 | 474 | 3,834 | 474 | 9,049 | 22,943 |
| 22 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 76 | 36 | 45 | 36 | 70 | 36 | 11 | 36 | 126 | 36 | 415 | 36 | 102 | 36 | 23 | 36 | 14 | 36 | 54 | 36 | 91 | 193 |
| 23 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 532 | 12 | 207 | 12 | 180 | 12 | 130 | 12 | 517 | 12 | 2,225 | 12 | 423 | 12 | 226 | 12 | 180 | 12 | 127 | 12 | 533 | 956 |
| 24 | Евиденција за прием на странки | 18 | 386 | 18 | 140 | 18 | 176 | 18 | 87 | 18 | 403 | 18 | 1,348 | 18 | 257 | 18 | 45 | 16 | 16 | 16 | 19 | 16 | 80 | 337 |
| 25 | Хелп деск | 5 | 962 | 5 | 367 | 5 | 567 | 5 | 439 | 5 | 1,373 | 5 | 4,432 | 5 | 768 | 5 | 169 | 5 | 166 | 5 | 205 | 5 | 540 | 1,308 |
| 26 | Евиденција на работно време | 1,150 | 187,009 | 1,146 | 68,017 | 1,144 | 64,209 | 1,144 | 62,545 | 1,144 | 194,771 | 1139 | 731,663 | 1,141 | 158,921 | 1,141 | 60,533 | 1,137 | 61,183 | 1,128 | 56,648 | 1,128 | 178,364 | 337,285 |
| 27 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 927 | 82 | 930 | 40 | 932 | 58 | 939 | 65 | 939 | 163 | 983 | 560 | 971 | 268 | 972 | 41 | 967 | 4 | 968 | 3 | 968 | 48 | 316 |
| 28 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 467 | 12 | 145 | 12 | 140 | 12 | 155 | 12 | 440 | 12 | 1,791 | 12 | 329 | 12 | 91 | 12 | 68 | 12 | 46 | 12 | 205 | 534 |
| 29 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 129 | 42,795 | 131 | 17,252 | 134 | 16,702 | 135 | 18,220 | 135 | 52,174 | 158 | 261,895 | 174 | 75,282 | 181 | 15,962 | 188 | 24,420 | 189 | 22,546 | 189 | 62,928 | 138,210 |
| 30 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 681 | 12,259 | 692 | 4,426 | 693 | 4,266 | 695 | 3,861 | 695 | 12,553 | 782 | 52,295 | 809 | 21,315 | 821 | 7,702 | 823 | 8,247 | 826 | 8,145 | 826 | 24,094 | 45,409 |
| 31 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 937 | 157,980 | 930 | 56,760 | 932 | 57,096 | 939 | 55,640 | 939 | 169,496 | 983 | 663,249 | 971 | 161,164 | 972 | 51,611 | 974 | 56,214 | 968 | 50,631 | 968 | 158,456 | 319,620 |
| 32 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 67 | 402 | 71 | 33 | 75 | 8 | 79 | 7 | 79 | 48 | 450 |

## НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

После повеќемесечно тестирање во соработка со Секторот за контрола и истраги, во вториот квартал пуштена е во продукција апликацијата за разузнавачки активности, која претставува интеграција на неколку помали апликации.
Во текот на вториот квартал 2014 година, во Царинската управа беа во функција 46 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во вториот квартал 2014 година изнесуваше 99,39%.

## *Поедноставување на царинските и акцизните постапки*

### *Комитет за следење, анализа и унапредување на деловната клима во областа „Прекугранична трговија" согласно Doing Business од Светска Банка*

Царинската управа, постапувајќи по заклучок на Владата на Република Македонија во врска со реализација на мерките за подобрување на деловната клима согласно препораките на извештајот за „Doing Business 2014" на Светската Банка во делот на „Прекугранично тргување", во текот на јуни 2014 година изврши анализа на сите документи кои се приложуваат во секоја од царинските постапки, со цел да ги елиминира непотребните документи, односно дел од нив да ги бара само по потреба.

Во рамките на оваа активност беше извршена анализа на постојните одредби од Царинскиот закон, Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат, интерните упатства кои се однесуваат на постапување на царинските службеници и економските оператори при спроведување на сите царински постапки и степенот на нивната услогласеност со прописите и најдобрите практики на Европската Унија. Притоа, утврдено е дека истите се целосно во согласност со соодветните одредби од прописите на Европската Унија.

Исто така, беше извршена анализа на практичната примена на погоренаведените законски и подзаконски одредби, како и на интерните упатства од страна на царинските службеници, при што е утврдено дека постои можност за намалување на бројот на документи кои се приложуваат од економските оператори или се бараат од страна на царинските службеници. За таа цел, Царинската управа подготви ново **Упатство за сетови на ЕЦД и приложени документи**. Во упатството е наведено дека освен минималниот сет на документи, останатите документи се приложуваат по исклучок и само во случај кога истите се потребни за спроведување на соодветната царинска постапка, врз основа на анализа на ризик.

Имајќи предвид дека застапниците се едни од клучните учесници во царинската постапка и од унапредувањето на нивните компетенции во добар дел зависи и подобрувањето на деловната клима, во текот на јуни 2014 година извршена е и анализа на Царинскиот закон и подзаконските акти со кои се уредува застапувањето во царинските постапки со можност на зајакнување на критериумите за добивање на одобренија и лиценци за застапување, како и анализа на начинот на кој е регулиран пристапот кон царинското застапување во земјите членки на Европската Унија.

Врз основа на извршената анализа, утврдено е дека се потребни определени измени во постоечката регулатива, односно донесување на посебен пропис кој ќе ја регулира оваа материја во целост. Со тој пропис треба да биде опфатено следното: дефинирање на статусот царински застапник; дефинирање на статусот на лиценциран застапник; формирање на асоцијации на царински застапници кои би вршеле надзор врз работењето на царинските застапници; Царинската управа да се определи како надлежен орган за издавање на лиценци за застапување во царинските постапки; пропишување на начинот и условите за добивање на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки; пропишување на условите и критериумите за

укинување или одземање на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки; дефинирање на правата и обврските на царинските застапници; пропишување на задолжителна проверка на знаењето на лиценцираните застапници; определување на казнени одредби поврзани со прекршување на одредбите и на другите закони поврзани со царинското работење, освен Царинскиот закон.

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

## *Е _ Царина*

Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.

### *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на вториот квартал 2014 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[3]

Во вториот квартал 2014 година членовите на работните групи продолжија со редовната комуникација со претставници на изведувачот кои ги опфатија модулите на системот од втората испорака. Координаторите на групите, по извршената проверка на доставените спецификации испратија коментари и забелешки до експертите на изведувачот, подготвија и испратија одговори на отворените прашања кои се однесуваат на функционалностите во системот. Од страна на изведувачот доставен е нов проектен план со сите активности, истиот е ревидиран и направени се корекции кои соодветствуваат на реалните активности и потреби. Изведувачот достави протокол за испорака на втората фаза, истиот е ревидиран и доставени се коментари. Во мај 2014 година, тестирани се веб сервисите помеѓу СОЦДАД и ИТЕ и надминати се дел од проблемите поврзани со интерфејсите кај овие два система.

На редовните состаноци на работната група, заземен е конечен став за поставување одговор на отворените прашања кои се однесуваат на различни функционалности во модулите на системот. Направен е план и организација на ресурсите за тестирање, од технички и кадровски аспект. Сите активности соодветствуваат на ревидираниот план кој беше доставен во текот на мај 2014 година од страна на изведувачот. Тестирањето на втората испорака на системот е предвидена за почетокот на јули 2014.

[3] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

## *EXIM*

Во вториот квартал на 2014 година продолжија активностите за унапредување на EXIM[4], при што се: подобрени функционалностите преку оптимизација на одредени процеси за користење на расположливите податоци во системот, подготвени се измени на апликацијата за нејзино поврзување со новиот ITE систем (во развој), како и модулот за квоти. Во мај започнаа активностите за унапредување на EXIM системот во делот на опремата која се користи за негова функција.

На крајот од вториот квартал од 2014 година, во EXIM беа **регистрирани 4.959 економски оператори** – корисници на системот, кои преку 11[5] (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи** и тарифни квоти. Во текот на вториот квартал од 2014 апликацијата се користеше редовно, при што не се идентификувани поголеми отстапувања во бројот на обработени предмети, во споредба со претходниот квартал, и преку EXIM се **издадени 19.786 дозволи. Просечното време** за добивање на овие дозволи во текот на вториот квартал изнесуваше **околу 3 часа.**

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM**

| Опис | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 62 | 62 | 60 | 60 | 60 | 59 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 3,847 | 3,965 | 4,056 | 4,132 | 4,132 | 4,563 | 4,750 | 4,819 | 4,893 | 4,959 | 4,959 | 4,959 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 17,630 | 7,010 | 6,211 | 6,056 | 19,277 | 74,491 | 18,393 | 6,761 | 6,679 | 6,346 | 19,786 | 38,179 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 927 | 579 | 221 | 187 | 987 | 3,930 | 1,542 | 922 | 463 | 282 | 1,667 | 3,209 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM (изразено во часови) | 2,4 | 2,1 | 1,6 | 2,5 | 2,06 | 2 | 3,5 | 2,1 | 1,7 | 5,0 | 3,0 | 3,2 |

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (7,6 илјади), ветеринарни документи (3,5 илјади), потврди за органолептички преглед (2,3 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (2,4 илјади) и лекови и медицински помагала (2,1 илјади).

## *Електронско управување со царински постапки со економски ефект - E_Lohn*

Системот E_Lohn овозможува електронско аплицирање и добивање одобренија за сите видови на постапки со економски ефект и следење на раздолжувањето на постапката на увоз за облагородување, преку размена на електронски пораки помеѓу имателите на одобренија и надзорниот царински орган. Со овој систем се овозможуваат следните придобивки за економските оператори: поднесување на документите во електронска форма, со што се остварува максимална заштеда во време и средства; автоматизирана контрола и проверка на поднесените документи; забрзување на постапката за обработка на поднесени документи; целосна транспарентност на постапката бидејќи во секој момент има увид во фаза на

[4] Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти - EXIM е достапен на Web страницата на Царинската управа од ноември 2008 година и оттогаш наваму масовно се користи од економските оператори (работата на EXIM е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа, како и со Уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија).

[5] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

документот и автоматска споредба на податоците од поднесените документи со податоците во системот за обработка на царински декларации.
Во јуни 2014 година во 18 обиди спречен е шверц на околу 9.113 парчиња разна стока, додека во вториот квартал во 84 обиди спречен е шверц на околу 111 илјади парчиња, 4.000м. и 4.558 кг. разна стока.



*На граничниот премин Табановце при рутинска контрола царинските службеници откриле непријавен сет електрични тапани.*

## Спречување неовластена трговија со прехранбени производи

Во јуни 2014 година во 3 случаи е спречен шверц на околу 9.103 кг. овошје, замрзнато месо и готови салати. Кумулативно во вториот квартал во 12 обиди спречен е шверц на околу 11 тони овошје и прехранбени производи.



*На влез на граничниот премин Железничка станица Гевгелија при рутинска контрола откриени се разни видови на готови месни производи.*

## Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во јуни 2014 година во 11 обиди спречен е шверц на околу 1.267 парчиња готови текстилни производи и обувки. Кумулативно во вториот квартал во 26 обиди спречен е шверц на околу 3.285 парчиња, 64 кг. и 27 метри на готови текстилни производи и репроматеријали.



*На граничниот премин Аеродром при влез во државата откриени се бебешки комплети.*

## Спречување нелегална трговија со златен и сребрен накит како и бижутерија и галантерија

Во јуни 2014 година царинските службеници во 3 обиди спречија шверц на златен накит од околу 1,1 кг. и бижутерија од вкупно 92 парчиња. Додека пак во вториот квартал во 12 обиди спречен е шверц на околу 1.982 парчиња на бижутерија и накит и околу 1 кг. златен накит.



*На граничниот премин Аеродром при влез во државата откриен е шверц на златен накит.*

## КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

### Контрола на управувањето со странски возила и на јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во јуни 2014 година Царинската управа привремено задржа вкупно 13 моторни возила и тоа 8 патнички моторни возила, 2 товарни моторни возила и 3 мотори. Во истиот период 2013 година Царинската управа привремено задржа 3 моторни возила. Кумулативно во вториот квартал од 2014 гоина Царинската управа привремено задржа вкупно 46 моторни возила и тоа 35 патнички моторни возила, 3 товарни моторни возила и 7 мотори и едно возило кое не спаѓа во горенаведените групи. Во истиот период 2013 година Царинската управа привремено задржа 8 моторни возила.

Самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во јуни 2014 година открија еден случај на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на стока.

### *Пријавени девизи*

На граничните премини во Република Македонија, во јуни 2014 година вкупно се пријавени девизни средства во противвредност на 1.353.580 EUR, сите на влез во Република Македонија.

Од вкупно пријавените девизи, 1.030.450 се евра, 201.100 се швајцарски франци и 220.000 се американски долари.

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 507.440 EUR или околу 37,5%), ЦИ Блаце (противвредност на 319.300 EUR или околу 23,6%), ЦИ Богородица (противвредност на 152.700 EUR или околу 11,3%) и ЦИ Ќафасан (150.290 EUR или околу 11,1%).

Во јуни 2014 година пријавени се околу 22,5% повеќе девизи во однос на мај 2014 година, а во однос на јуни 2013 околу 3,7% помалку пријавени девизи. Во однос на просекот по месеци во 2013 година, пријавени се околу 0,1% помалку девизи.

Во вториот квартал од 2014 година пријавени се вкупно девизи во против вредност на 3.410.990 евра, што е за околу 0,2% помалку во однос на првиот квартал од 2014 година, а во однос на вториот квартал од 2013 година за околу 21,1% помалку.

### Царинска лабораторија

Во вториот квартал 2014 година, во Царинската лабораторија[7] се **анализирани 311 мостри.** Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбена индустрија и други производи од хемиска индустрија. Притоа, од вкупно 311 анализирани мостри, **во 24 случаи** (7,7%, од кои 17 врз основа на анализа на техничката документација, 7 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака, а **во 15 случаи** не биле почитувани мерките на трговска политика.

Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или со поголема царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел

[7] Царинската лабораторија работи во просториите на Институт за хемија при Природноматематичкиот факултет. Методите за анализи заеднички ги подготвува стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот за хемија и вработените во Службата за царинска лабораторија при Царинска управа.

избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика.

## *Документарна царинска контрола*

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.

**РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА ВО 2014 ГОДИНА**

| Вид на документ | | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | Q1 | Невалидни | 3,059 | 54 | 76 | 11 | 2 | **3,202** |
| | | Фалсификат | 0 | 5 | 0 | 0 | 1 | **6** |
| | | Други | 3,088 | 16 | 31 | 9 | 4 | **3,148** |
| | | Вкупно | 6,147 | 75 | 107 | 20 | 7 | **6,356** |
| | Април | Невалидни | 2,294 | 36 | 29 | 1 | 8 | **2,368** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| | | Други | 325 | 5 | 14 | 1 | 0 | **345** |
| | | Вкупно | 2,619 | 41 | 43 | 2 | 9 | **2,714** |
| | Мај | Невалидни | 1643 | 44 | 41 | 1 | 1 | **1,730** |
| | | Фалсификат | 0 | 3 | 11 | 0 | 0 | **14** |
| | | Други | 485 | 6 | 30 | 15 | 0 | **536** |
| | | Вкупно | 2128 | 53 | 82 | 16 | 1 | **2,280** |
| | Јуни | Невалидни | 1,492 | 41 | 16 | 0 | 1 | **1,550** |
| | | Фалсификат | 0 | 2 | 7 | 0 | 0 | **9** |
| | | Други | 248 | 3 | 2 | 14 | 0 | **267** |
| | | Вкупно | 1,740 | 46 | 25 | 14 | 1 | **1,826** |
| | Q2 | Невалидни | 5,429 | 121 | 86 | 2 | 10 | **5,648** |
| | | Фалсификат | 0 | 5 | 18 | 0 | 1 | **24** |
| | | Други | 1,058 | 14 | 46 | 30 | 0 | **1,148** |
| | | Вкупно | 6,487 | 140 | 150 | 32 | 11 | **6,820** |
| | Вкупно | Невалидни | 18,630 | 318 | 329 | 28 | 16 | **19,322** |
| | | Фалсификат | 4 | 13 | 21 | 7 | 2 | **47** |
| | | Други | 7,346 | 70 | 149 | 62 | 4 | **7,631** |
| | | Вкупно | 25,980 | 401 | 499 | 97 | 22 | **27,000** |
| 2014 | Q1 | Невалидни | 4,569 | 62 | 80 | 7 | 4 | **4,722** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 1,409 | 28 | 24 | 5 | 0 | **1,466** |
| | | Вкупно | 5,978 | 90 | 104 | 12 | 4 | **6,188** |
| | Април | Невалидни | 2,228 | 26 | 43 | 0 | 0 | **2,297** |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| | | Други | 706 | 5 | 8 | 3 | 0 | **722** |
| | | Вкупно | 2,934 | 32 | 51 | 3 | 0 | **3,020** |
| | Мај | Невалидни | 1612 | 17 | 50 | 0 | 0 | **1679** |
| | | Фалсификат | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | **4** |
| | | Други | 635 | 10 | 8 | 4 | 0 | **657** |
| | | Вкупно | 2251 | 27 | 58 | 4 | 0 | **2340** |
| | Јуни | Невалидни | 1,412 | 24 | 36 | 2 | 0 | **1,474** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 988 | 10 | 8 | 2 | 0 | **1008** |
| | | Вкупно | 2,400 | 34 | 44 | 4 | 0 | **2,482** |
| | Q2 | Невалидни | 5,252 | 67 | 129 | 2 | 0 | **5,450** |
| | | Фалсификат | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| | | Други | 2,329 | 25 | 24 | 9 | 0 | **2,387** |
| | | Вкупно | 7,585 | 93 | 153 | 11 | 0 | **7,842** |
| | Вкупно | Невалидни | 8,409 | 105 | 173 | 7 | 4 | **8,698** |
| | | Фалсификат | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| | | Други | 2,750 | 43 | 40 | 12 | 0 | **2,845** |
| | | Вкупно | 13,563 | 183 | 257 | 23 | 4 | **14,030** |

# КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во вториот квартал од 2014 година, во над 7.842 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 7.585 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, скоро 93 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 153 случај за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 11 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на употребувани ПМВ, старо железо, обувки, текстил, хартиени и влажни марамчиња, фибергласна мрежа, водни пумпи употребувани генератори и сл.

Откриените случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки, тарифно распоредување, пред сè се однесуваат на разни видови храна, детергенти за перење, дизел гориво, микрофони, разни видови машини, звучници, ПВЦ производи и сл. кои што неодговараат на коментарот на Хармонизираниот систем и сл.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во истиот вториот квартал од 2013 година, во над 7.842 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 171,8 милиони денари на име увозни давачки.

## *Постцаринска контрола*

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.

Во вториот квартал од 2014 година извршени се 96 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување при што е откриен еден случај за избегнување плаќање увозни давачки. По основ на спроведени контроли во претходните месеци е откриен еден случај на избегнување плаќање на акцизни давачки во вкупен износ од 0,005 милиони денари.

**РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ВО 2014 ГОДИНА**

| Вид на контрола | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно 2013 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно 2014 |
| Контрола на трговски друштва | 16 | 7 | 5 | 7 | 19 | **35** | 13 | 10 | 7 | 5 | 22 | **35** |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 8 | 5 | 4 | 7 | 16 | **24** | 20 | 4 | 7 | 7 | 38 | **58** |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 50 | 24 | 20 | 37 | 81 | **131** | 55 | 18 | 23 | 21 | 96 | **151** |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 35 | 20 | 12 | 77 | 109 | **144** | 43 | 18 | 13 | 14 | 74 | **117** |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 14 | 3 | 1 | 20 | 24 | **38** | 3 | 0 | 0 | 1 | 3 | **6** |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 62 | 20 | 60 | 47 | 127 | **189** | 34 | 12 | 14 | 32 | 60 | **94** |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 0 | 39 | 0 | 39 | **39** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Контрола на иматели на други одобренија | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** | 5 | 1 | 4 | 2 | 12 | **17** |
| **Вкупно** | **186** | **79** | **141** | **195** | **415** | **601** | **173** | **63** | **68** | **82** | **305** | **478** |

# КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

При контролата на 74 иматели на одобренија за царинско складирање и ППЧ[8], не се откриени случаи за избегнување плаќање увозни давачки.
Додека пак во вториот квартал од 2013 година извршени се 415 контроли на трговски друштва по разни основи.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во јуни 2014 година, Царинската управа донесе 59 решенија за наплата на увозни давачки и ДДВ.
На име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ се донесени 59 решенија, на вкупен износ од 5.591.021 денари, од кои:
- 2 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 26.571 денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки;
- 13 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 340.876 денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот;
- 44 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 5,2милиони денари по други основи.

Во вториот квартал од 2014 година Царинската управа донесе 136 решенија за наплата на увозни давачки и ДДВ со вкупен износ од околу 8,5 милиони денари, додека пак во истиот период минатата година Царинската управа донесе вкупно 127 решенија за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од околу 67 милиони денари.

### Кривични пријави

Во јуни 2014 година Царинската управа поднесе 10 кривични пријави против 11 физички и 4 правни лица. Во вториот квартал 2014 година Царинската управа поднесе 33 кривични пријави против 40 физички и 18 правни лица, додека во вториот квартал 2013 година Царинската управа поднесе 24 кривични пријави против 34 физички и 5 правни лица.

[8] Простории за привремено чување на стоката

| ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ | | | Основ за поднесена кривична пријава | Недозволено тргување на наркотични дроги | Недозволено тргување со цигари | Недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали | Недозволено тргување со лекови | Криумчарење благородни метали | Криумчарење други видови стоки | Фалсификување други исправи | Поднесени фалсификувани фактури | Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоки | Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | Непријавени стоки при увозно царинење | Пријавена тарифна ознака со помали давачки | Даночно затајување | Недозволено производство и промет со опасни материи | Изнесување во странство археолошки материјал и културно наследство | Незавршена транзитна постапка | Неисполнување на законска обврска за увозно царинење | Неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг | Неовластен увоз на стоки предмет за заштита на права од интелектуална сопственост | Пријавување на поголеми количини на стоки при извоз од облагородување | Симнување на службен знак | Други основи | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | Q1 | Физички лица | 16 | | 2 | 3 | 1 | | | 5 | 3 | 2 | | | | | 2 | | | | | | | | **34** |
| | | | Правни лица | | | | | | | | | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | | **4** |
| | | | Вкупно пријави | 9 | | 2 | 2 | 1 | | | 5 | 3 | 2 | | | | | 1 | | | | | | | | **25** |
| | | Април | Физички лица | 4 | | | | | | | 3 | | 3 | | | | | 1 | | | | | | | | **11** |
| | | | Правни лица | | | | | | | | | | 2 | | | | | | | | | | | | | **2** |
| | | | Вкупно пријави | 2 | | | | | | | 3 | | 2 | | | | | 1 | | | | | | | | **8** |
| | | Мај | Физички лица | 8 | | | | 2 | 3 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | **16** |
| | | | Правни лица | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | **2** |
| | | | Вкупно пријави | 4 | | | | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | **9** |
| | | Јуни | Физички лица | 2 | | | | 1 | | | 2 | | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | **7** |
| | | | Правни лица | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | **1** |
| | | | Вкупно пријави | 1 | | | | 1 | | | 2 | | 2 | | | | | 1 | | | | | | | | **7** |
| | | Q2 | Физички лица | 14 | | | | 3 | 3 | 2 | 6 | | 4 | | | | | 2 | | | | | | | | **34** |
| | | | Правни лица | | | | | | 1 | 1 | | | 3 | | | | | | | | | | | | | **5** |
| | | | Вкупно пријави | 7 | | | | 3 | 1 | 1 | 6 | | 4 | | | | | 2 | | | | | | | | **24** |
| | | Вкупно 2013 | Физички лица | 43 | 1 | 3 | 3 | 6 | 11 | 4 | 17 | 9 | 8 | 4 | | | 1 | 4 | 3 | 4 | 1 | 4 | | | | **123** |
| | | | Правни лица | 0 | | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 4 | 7 | 2 | | | | 0 | | 2 | 1 | 4 | | | | **25** |
| | | | Вкупно пријави | 27 | 1 | 3 | 2 | 6 | 5 | 2 | 17 | 9 | 8 | 2 | | | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | 4 | | | | **94** |
| | 2014 | Q1 | Физички лица | 1 | | 1 | | 1 | | | 3 | | 1 | | | | | | | | | 15 | 2 | 1 | | **25** |
| | | | Правни лица | | | | | | | | 3 | | 1 | | | | | | | | | 12 | 1 | | | **17** |
| | | | Вкупно пријави | 1 | | 1 | | 1 | | | 3 | | 1 | | | | | | | | | 13 | 1 | 1 | | **22** |
| | | Април | Физички лица | 6 | | | | 2 | 1 | | 1 | | | | | | | | 2 | | | 4 | | | | **16** |
| | | | Правни лица | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 4 | | | | **4** |
| | | | Вкупно пријави | 3 | | | | 2 | 1 | | 1 | | | | | | | | 2 | | | 5 | | | | **14** |
| | | Мај | Физички лица | 2 | | | | | 1 | | | | | | 1 | 4 | | | | | | 5 | | | | **13** |
| | | | Правни лица | | | | | | 1 | | | | | | 1 | 3 | | | | | | 5 | | | | **10** |
| | | | Вкупно пријави | 1 | | | | | 1 | | | | | | 1 | 1 | | | | | | 5 | | | | **9** |
| | | Јуни | Физички лица | 2 | | | | 2 | 1 | | 3 | 1 | | | | | | | | | | 2 | | | | **11** |
| | | | Правни лица | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | 2 | | | | **4** |
| | | | Вкупно пријави | 2 | | | | 1 | 1 | | 3 | 1 | | | | | | | | | | 2 | | | | **10** |
| | | Q2 | Физички лица | 10 | 0 | 0 | 0 | 4 | 3 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | **40** |
| | | | Правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | **18** |
| | | | Вкупно пријави | 6 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | **33** |
| | | Вкупно 2014 | Физички лица | **11** | **0** | **1** | **0** | **5** | **3** | **0** | **7** | **1** | **1** | **0** | **1** | **4** | **0** | **0** | **2** | **0** | **0** | **26** | **2** | **1** | **0** | **65** |
| | | | Правни лица | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **4** | **1** | **1** | **0** | **1** | **3** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **23** | **1** | **0** | **0** | **35** |
| | | | Вкупно пријави | **7** | **0** | **1** | **0** | **4** | **3** | **0** | **7** | **1** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** | **2** | **0** | **0** | **25** | **1** | **1** | **0** | **55** |

## Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во вториот квартал 2014 година се поднесени 210 прекршочни пријави од кои, 191 за сторен царински прекршок 16 за девизен прекршок и 3 за акцизен прекршок. Од вкупно поднесените прекршочни пријави, 181 се однесуваат на физички, а 29 на правни лица.

Во вториот квартал 2013 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 283 прекршочни пријави против 199 физички лица и 84 правни лица.

Во вториот квартал 2014 година беа решени 525 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 21,9 милиони денари. Во истиот период 2013 година, беа решени 507 прекршочни предмети и при тоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 32,5 милиони денари

Во вториот квартал 2014 година се изречени 561 мандатни казни против 366 физички лица и 195 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 5,7 милиони денари. Во вториот квартал 2013 година се изречени 567 мандатни казни во износ од 7 милиони денари.

## *Учество во меѓународни активности*

Во вториот квартал 2014 година Царинската управа учествуваше во:

- меѓународна операција организирана од ODYSSEUS за откривање и спречување нелегална трговија со културни добра. Учесници во операцијата се земјите членки на RILO и САД,
- учество во меѓународен проект „GLOBAL SHIELD“ - мултилатерална операција за борба против нелегалниот транспорт и трговија со високо ризични хемикалии кои се употребуваат за производство на експлозиви, во организација и координација на СЦО,
- учество на Работната група за спречување на злосторства против животната средина и за царински измами и прекугранично криумчарење, борба против недозволена трговија со дрога, организиран криминал, анализа на постигнатите резултати во борба против прекуграничната трговија на дрога од SELEC, во Букурешт, Романија,
- учество на обука за имплементација на заедничка меѓународна царинска операција „BITTER PILL” - насочена против шверцувани и фалсификувани лекови која е во склоп на проектот HERCULE II за недозволена трговија и шверц на фалсификувани лекови и цигари во регионот на Западен Балкан, Медитеранскиот регион, Турција и Италија, организирана од царина на Италија и OLAF Европска канцеларија за спречување царински измами и меѓународна операција ERMIS за спречување на трговијата со фалсификувана стока во мали количини по пошта и други пратки, во Атина Грција.

Во вториот квартал 2014 година Царинската управа внесе во CEN базата 37 заплени, како и 41 информација за запленета стока до SELEC центарот. Доставена информација до ЗКА Балкан инфо за 6 заплени на дрога.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

По повод 26 Април – Светскиот ден на интелектуална сопственост, на 25 Април 2014 година во соработка со Кординативното тело за интелектуална сопственост во ЈП Дрисла уништени се вкупно **8.574 парчиња фалсификувана стока** (5.101 парчиња козметички производи, 2713 парчиња текстилни производи, 265 парчиња модни додатоци и 495 парчиња додатоци за мобилни телефони.

Во вториот квартал 2014 бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 529, од нив 326 се активни корисници и истите оствариле 39 пристапи до апликацијата. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Dragon, Converse, Zippo, Massimo Dutti, Lindt Teddy, Lindt Excellence, Lindt Hello, Lindor Lace Tail, Cresta, Zegna, Hansaplast, Yves Saint Laurent, Aristoteli Bitsiani, Woman Boss Hugo Boss, Viva и Viva Fresh.**

На крајот на вториот квартал 2014 година во Царинската управа бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесува 362, додека на крајот на 2013 година изнесуваше 334.

Во текот на вториот квартал 2014 година во **38** акции, привремено се задржани **565.242 (во споредба со вториот квартал 2013 година 60.442)** парчиња и **768 кг**. стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

**ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

| | Вид на производи | Ед. мерка | 2013 | | | | | 2014 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Q 1 | Април | Мај | Јуни | Вкупно | Q 1 | Април | Мај | Јуни | Вкупно |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 1,663 | 200 | 366 | 475 | 17,960 | 1,614 | 1,909 | 8,240 | 175,305 | 187,068 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 2,708 | 8,008 | 2,139 | | 36,321 | 4,790 | 1,459 | 7,995 | 1,643 | 15,887 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 3,354 | 6,186 | 2,064 | 792 | 19,041 | 100,343 | 151,200 | 123,120 | 8,480 | 383,143 |
| | | Кг. | | | | | | | | 768 | | 768 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 313 | 3 | 283 | 28 | 10,745 | 3,053 | 5 | 400 | 690 | 4,148 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 13,900 | / | / | 160 | 18,662 | / | / | / | / | / |
| 6 | Лекови | Парче | | / | / | | 80 | / | / | / | / | / |
| 7 | Друго | Парче | 152,567 | 36,382 | 1,299 | 2,057 | 230,990 | 16,637 | 13,422 | 23,677 | 47,697 | 101,433 |
| | **Вкупно** | Парче | **174,505** | **50,779** | **6,151** | **3,512** | **333,799** | **126,437** | **167,995** | **163,432** | **233,815** | **691,679** |
| | | Кг. | | | | | | | | **768** | | **768** |

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржани сапуни со 48% учество и текстилните производи со 32%. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 72%, по што следи Шпанија со 21%.

Во 30 случаи од вкупниот број случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост, количина од 171.520 парчиња текстилни производи, 274.320 парчиња козметички производи, 44.014 пасти за заби, 3.600 парчиња батерии, 101 парчиња очила за сонце, 2.150 парчиња четки за заби, 4.177 парчиња инстант кафе и 250 парчиња алки е ослободена поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека предметната стока е оригинална, количина од 1.029 парчиња додатоци за мобилни телефони, 218 парчиња текстилни производи, 768 кг прашок за перење алишта, 1.341 спортски обувки е ослободена поради тоа што застапникот на имателот на трговската марка се изјаснил дека предметната стока не ги повредува правата од интелектуална сопственост, 8.400 парчиња шампони, 4.920 детски играчки – колички, 8.251 парчиња текстилни производи, 9 парчиња модни додатоци, 6 парчиња козметички производи, 828 парчиња влажни марамчиња, 7.980 пара детски папучи, 600 сета хартиени салфети и 980 парчиња какао е ослободена бидејќи застапниците и носителот не изразиле интерес да се регистрираат кај Царинската управа преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост.

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на вториот квартал 2014 година, под царински надзор **беа уништени 26.125 парчиња фалсификувана стока** (13.916 парчиња козметички производи, 125 парчиња автоделови и опрема, 1.379 парчиња додатоци за мобилни телефони, 1.971 парчиња модни додатоци, 1.190 парчиња фазомери, 788 парчиња детски играчки, 37 парчиња фудбалски топки, 2.725 парињa текстилни производи, 1.330 парчиња разни фалсификувани производи и 2.664 парчиња влажни марамчиња).

## *Бесплатно отстапување на стока*

Во текот на мај 2014 година, согласно членот 19-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост објавен во "Сл. весник на Р.М." бр. 69/13 година, Царинската управа до Министерството за финансии достави предлог Одлука за бесплатно отстапување на стока со завршена царинска постапка (вкупно 4.128, од кои 3.924 пара обувки и 204 парчиња текстилни производи).

Во мај 2014 година, Владата на Република Македонија врз основа на член 19-а од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, "Сл. весник на Р.М." бр. 38/05, 104/07, 135/11 и 69/13, донесе Одлука за бесплатно отстапување на стока на Министерството за труд и социјална политика (заради ублажување на последиците од елементарни непогоди во Република Србија и Босна и Херцеговина).

Предмет на бесплатно отстапување беше следната стока:

| СПИСОК НА СТОКИ БЕСПЛАТНО ОТСТАПЕНИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Вид** | **Артикал** | **Единица мерка** | **Количина** | **Година на заплена** |
| 1 | **Облека** | Панталони | Парче | 180 | 2013 |
| 2 | | Капути | Парче | 8 | 2013 |
| 3 | | Јакни | Парче | 16 | 2013 |
| | | | | **204** | |
| 4 | **Обувки** | Спортски | Пар | 3,924 | 2013 |
| | | | | **3,924** | |
| **Вкупно:** | | | | **4,128** | |

## *Односи со јавноста*

Во вториот квартал од 2014 година, Царинската управа ја одбележа дваесет и две годишнината од своето формирање како државен орган на управата, а по тој повод реализирана беше и традиционалната крводарителска акција. Во истиот периодот објавени беа две интервјуа со директорот на Царинска управа, една репортажа во дневниот весник „Дневник“, беа одржани четири прес конференции, до медиумите беа испратени дваесет и пет соопштенија за заплени на дрога, девизи, фалсификувана стока, прекршочни и кривични пријави и одговорено е на деветнаесет новинарски прашања.

### *Репортажи*

***„Дневник откриваше наркотици со царинските кучиња“***

На 23 јуни 2014 година во дневниот весник „ Дневник“ беше објавена репортажа каде новинарот зборува за начинот на работа на царинските кучиња - трагачи, големата помош која царинските службеници ја добиваат од кучињата кои го олеснуваат прегледот на камиони и лесно ги детектираат двојното дно или скриената преграда каде што може да се стави дрога. Новинарот се задржува и на позначајните заплени на секое од царинските кучиња во последните две години и дава сликовит опис на изведена акција на откривање на дрога со помош на куче – трагач.



### *Позначајни настани*

***22 години од формирањето на Царинската управа***



На 15 април 2014 година, Царинската управа ја одбележа дваесет и втората годишнина од своето формирање како државен орган на управата. По тој повод, одржана беше традиционална свечена церемонија на која присуствуваа членови на Владата на Република Македонија, преставници на дипломатскиот кор, бизнис заедницата, нивни здруженија и други соработници на Царинската управа. Во рамки на одбележувањето на Царинскиот празник во периодот од 7 до 10 април, Царинската управа поттикната од желбата да покаже поинаква одговорност кон нашата заедница и луѓето на кои им е неопходна помош, во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологија, по петти пат организираше крводарителска акција под мотото „Капка крв, искра надеж за живот“, на територијата на целата држава, во која учество зедоа сто царински службеници.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Вработените од Царинска управа донираа медицински апарати на детска клиника*

На 16 мај 2014 година, вработените на Царинска управа, застапувани од претседателот на Самостојниот синдикат склучија донациски договор со ЈЗУ Универзитетската Клиника за Детски Болести Скопје, при што донирани беа медицински апарати (три парчиња инфузиомати) во вредност од 175.815 денари. Донираните апарати се наменети за дечињата болни од леукемија на клиниката за детски болести – Скопје. Вработените на Царинската управа и оваа година традиционално организираа хуманитарна акција и ја покажаа својата подготвеност да им помогнат на оние на кои најмногу им е потребна помош. Во оваа хумана акција се придружи и Самостојниот синдикат со соодветен износ.



### *Интернет и интранет*

Во текот на вториот квартал 2014 година страницата беше посетена од вкупно 47.495 корисници додека во истиот период 2013 година беше посетена од 40.758 корисника.Од страна на корисниците, во вториот квартал испратени се 287 прашања, жалби и сугестии, одговорено е на 168 прашања. Во вториот квартал 2014 година на интернет страницата објавени се 125 содржини на македонски јазик и 41 се објавени на англиски јазик.

На интранет порталот на Царинската управа во вториот квартал 2014 објавени се 251 информации, притоа остварени се над 37 илјади посети од 3.406 корисници. Во вториот квартал 2013 на интранет страната објавени биле 700 содржини, а истата имала над 31 илјади посети од 3.434 корисници.

### *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197) во тек на вториот квартал од 2014 година добиени се вкупно **2.915** повици или во просек **32** повици на ден и тоа: „А“[9]класа – вкупно 7 повици, „Б“[10]класа – вкупно 17 повици, „С“[11]класа - вкупно 150 повици и „Ј“[12]класа – вкупно 20 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија,

[9] „А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .

[10] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.

[11] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.

[12] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

### *Граѓански дневник*

Во вториот квартал од 2014 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е посетен околу 600 пати.

## *ЦАРИНСКА СОРАБОТКА*

### *Соработка со бизнис заедницата*

Во вториот квартал од 2014 година Советодавното тело одржа еден редовен состанок. На состанокот претставници на Царинската управа ги информираа присутните за



донесеното Упатство за гаранции во транзитна постапка со примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) од 01.03.2014 година. Разгледани беа можностите за царинско постапување со отпадот во текстилната индустрија и беше разговарано за бројни тековни прашања поврзани со царинското работење, во насока на забрзување на протокот на стоки и олеснување на царинските процедури.

### *Меѓуинституционална соработка*

#### ***Царинска управа и Државен пазарен инспекторат потпишаа Меморандум за меѓусебна соработка***

На 4 јуни 2014 година, директорот на Царинска управа на Република Македонија, г-ѓа Наташа Радеска Крстевска и директорот на Државниот пазарен инспекторат, г-дин Кирил Миноски потпишаа Меморандум за соработка. Со потпишувањето на



меморандумот, Царинската управа и Државниот пазарен инспекторат ја унапредија соработката и ја зајакнаа меѓусебната помош и поддршка заради обезбедување високо ниво на заштита на населението од аспект на безбедност на производите, следење, усогласување, оптимизација и изнаоѓање решенија на евентуални проблеми.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Претставници од Царинска управа и Банкарскиот сектор одржаа работен состанок*

Во текот на вториот квартал од 2014 година, претставници на Царинска управа и Здружението за банкарство одржаа работен состанок. Состанокот беше организиран со цел запознавање со измените во постапката за употреба на гаранции при спроведување на заедничката транзитна постапка, што ќе започнат да се применуваат по пристапувањето на Република Македонија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка. Здружението за банкарство беше запознаено со измените при спроведување на транзитната постапка со користење на Новиот компјутеризиран транзитен систем и е во склад со залагањето на Царинската управа за соработка и координација со сите засегнати страни во овој процес.

### *Работилница на тема „Царински долг“*

Царинската управа и Академијата на судии и јавни обвинители, на 13 јуни 2014 година, одржаа работилница на тема Царински долг. На работилницата учествуваа судии и стручни судски службеници на Управниот суд и Вишиот управен суд, претставници на Царинската управа на Република Македонија и Министерството за финансии. Целта на работилницата беше преку размена на мислења и искуства помеѓу претставниците на управното судство, Царинската управа и Министерството за финансии да се разјаснат евентуални прашања и дилеми кои се појавуваат при практичната имплементација на регулативата од предметната област.



### *Студентска пракса*

Во вториот квартал од 2014 година Царинската управа прими студенти на практична работа од високообразовните институции со кои има склучено меморандуми за соработка. Во овој период беа примени студенти од Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, студиска програма по царина и шпедиција при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, Правен факултет Јустинијан Први при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Целта на практикантската работа е, студентите да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа преку вклучување во работните процеси со што ќе се стекнат со практично искуство.

## *Меѓународна соработка*

### *Учество на регионална министерска конференција во Приштина*

Директорот на Царинската управа, г-ѓа Наташа Радеска Крстевска, на 30 мај 2014 година учествуваше на регионална министерска конференција „Зајакнување на соработката, надминување на економските предизвици и соработка во борбата против сивата економија“, што се одржа во Приштина, Косово. Директорот на Царинска управа на Република Македонија учествуваше на панел дискусијата на директорите на царинските управи од регионот за важноста на царината во

интензивирање на регионалната соработка за идентификување на случаи на затајување на данок и зборуваше на тема „Улогата на Царината во борбата против сивата економија“.



### *Одржан Донаторски координативен состанок*

Во текот на вториот квартал, во јуни 2014 година, се одржа Донаторски координативен состанок. Состанокот беше продолжение на веќе воспоставена пракса на редовни средби со заинтересираните донатори. Целта на состанокот беше добро координирање на странската помош, постојано нејзино надополнување во интерес на царината и пошироката општествена заедница. На состанокот присуствуваа претставници на меѓународни организации и институции, кои состанокот го оценија како доста корисен и успешен и го посочија напредокот на Царинската управа како водечки помеѓу институциите во Република Македонија.



### *Официјално пуштен во употреба привремениот граничен премин Свети Наум – Поградец*

На 17 јуни 2014 година, официјално беше пуштен во употреба привремениот граничен премин Свети Наум – Поградец, согласно Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид-Поградец. За време на настанот остварена беше средба помеѓу директорот на Царинска управа г-ѓа Наташа Радеска Крстевска и директорот на албанската царина, г-ѓа Елиса Спиропали, при што истакната беше добрата соработка помеѓу двете институции и подготвеност за продлабочување и интензивирање во иднина. На овој многу значаен настан, присуствуваа и министрите за транспорт и врски на двете земји, градоначалниците на Охрид и Поградец и македонскиот амбасадор во Република Албанија.



### *Пред – мониторинг мисија за Новиот компјутеризиран транзитен систем*



Во вториот квартал, во период од 18 до 19 јуни 2014 година, се одржа Пред – мониторинг мисија на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), на кој присуствуваа експерти од Европската комисија – DG TAXUD и Делегацијата на Европска унија во Република Македонија. Пред експертите беше претставен напредокот на системот од почетокот на неговата имплементација на национално ниво и посетени беа граничниот премин Табановце и царинската испостава Скопје 1, каде практично беше прикажано започнување и завршување на транзитна постапка и придобивките од употребата на системот. По завршувањето на мисијата експертите од Европската комисија ја оценија досегашната примена на НКТС како задоволителна, без посериозни забелешки.

### *Учество на 123/124 Седница на Советот за царинска соработка*

Од 26 до 28 јуни 2014 година во Брисел-Белгија се одржа 123ти/124ти Состанок на Советот на царинска соработка (Светска царинска организација – СЦО) на која



присуствуваше делегација на Царинска управа на Република Македонија предводена од директорот г-ѓа Наташа Радеска Крстевска. На состанокот беше разгледан напредокот во реализацијата на Стратешките приоритети на СЦО, во областите на безбедноста и олеснувањето на меѓународната трговија, како и определувањето на стратешките принципи на понатамошното делување на СЦО. За време на состанокот на дневен ред беа дискутирани прашања од значење за водењето на политиката на СЦО, а се изврши и избор на Заменик генерален секретар и претставници во раководните тела на Советот на глобално и регионално ниво.